**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-396/6**
**Скопје, 03.07.2007 година**

**До**
**ОСНОВЕН СУД БИТОЛА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на Основен суд Битола - сметка за редовно работење, кои се прикажани на страните од 5 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Основен суд Битола - сметка за редовно работење за годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

    - Стефан Караманди, Претседател на судот до 04.12.2006 година и
    - Слободанка Баковска, В.Д. Претседател на судот од 05.12.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во период од 02.05 до 11.05.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
    - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
    - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

______________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

***10.1. Неправилна примена на акти:***

10.1.1. Основен суд Битола нема секретар на судот како стручно – државен службеник, спротивно на член 92 од Закон за судовите, поради необезбедени средства од судски буџетски совет иако има барање до истиот. Истото има влијание на ефикасното функционирање на судот.

**Препорака:**
Во соработка со Судскиот буџетски совет и Агенцијата за државни службеници, да се обезбеди пополнување на работното место – секретар на судот, кој би учествувал во организација и координација на работата на судската управа.

10.1.2. Основен суд Битола во текот на 2006 година има склучено 7 до 8 договори за дело за извршување на работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос, во износ од 423 илјади денари. Со писмо број 1610-270/05 од 19.10.2005 година до Судски буџетски совет, побарана е согласност за три вработувања, за кои во текот на 2006 година не е добиена. Претходното има влијание врз остварувањето на работите и работните задачи на субјектот и ефикасноста на истиот.

Потенцираме, дека иако станува збор за работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос, со склучувањето на договорите, лицата согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност го губат статусот на осигурени лица како невработени лица кои се пријавуваат во Агенцијата за вработување, со што не им се обезбедени никакви права од работен однос меѓу кои и правото од задолжително здравствено осигурување.

**Препорака:**
Да се доставуваат барања до Судскиот буџетски совет за пополнување на работни места кои се предвидени со Правилникот за систематизација на работните места на субјектот.

10.1.3. Основен суд Битола нема донесено Правилник за организација на работата, односно не е постапено согласно член 9 од Судскиот деловник и член 77 од Законот за судовите, каде се регулира донесување на истото како работа од делокругот на внатрешното работење на судската управа, поради веќе воспоставениот начин на функционирање на судот. Истото има влијание на можноста за увид на внатрешната организација на судот.

**Препорака:**
Да се донесе Правилник за организација на работата на судот.

### *10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела:*

10.2.1. Не е извршен попис на обврските со состојба на 31.12.2006 година, не е утврден правниот основ на обврската и не е утврдена старосната структура на истите, согласно законските прописи, поради непочитување на член 29 од Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници, што има влијание на реалноста на оваа билансна позиција

**Препорака:**
Да се врши попис на обврските согласно прописите и да се утврди правниот основ на истите.

### *10.3. Ненаменско и незаконско користење на средства:*

***Непрменување на постапките од Законот за јавни набавки***

***10.3.1.*** Со ревизија на јавните набавки кај Основен суд Битола се утврди дека се вршени набавки за поправка и одржување, во вкупен износ од 109 илјади денари, без спроведена постапка за јавна набавка.

Неспроведувањето на постапки за јавни набавки создават можност за примена на необјективни критериуми за избор на најповолен добавувач, нетранспарентност при склучувањето на договорите, повластена положба на одредени добавувачи и можност за набавки по зголемени цени.

### *10.4. Функционирање на систем на интерни контроли во процесите:*

10.4.1. При ревизија на системот на интерни контроли во Основен суд Битола, се утврди непостоење на пишани процедури кои ќе осигураат поделба на надлежностите и одговорностите на вработените, кои би можеле да резултираат во неефикасност или слаба внатрешна сметководствена контрола во субјектот.

Ревизијата препорачува Основниот суд да изготви пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани задожениjата на вработените. Пишаните процедури, инструкциите и доделување на задолженија придонесуваат за елиминирање на пропусти и слабости во работењето на субјектот.

11. Според наше мислење, освен за наодите изнесени во точките 10.1 и 10.2 финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Основен суд Битола, на ден 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, освен за наодите изнесени во точката 10.3 кај Основен суд Битола е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

13. Годишниот сумарен преглед на движење на предметите на судот во 2006 година, бројот на примени судски предмети и нивното решавање е прикажан преку следниов графикон:




За да се овозможи функционирањето на Основниот суд Битола согласно Законот за судовите и да се постигне навремено завршување на зголемениот обем на предмети, Министерот за правда согласно член 98 од Законот за судовите да даде предлог до Министерството за финансии за пополнување на работните места по Правилникот за систематизација на работните места.

14. Во тек се судска постапка на ЈЗУ "Клиничка болница - Битола" против судот во износ од 377 илјади денари, чиј исход ке има влијание на износот на обврските во финансиските извештаи во наредниот период.

15. ***Прифатени и корегирани неправилности од страна на Основниот суд Битола во текот на ревизијата, а се однесува на:***

15.1. Во текот на ревизијата со налог за книжење 04 од 30.04.2007 година, зголемена е исправката на вредноста на опремата а намален капиталот за износ од 83 илјади денари и намалена е исправката на вредноста на градежите а зголемен е капиталот за износ од 103 илјади денари поради погрешно пресметана и евидентирана амортизација во сметководствената евиденција.

**Скопје, 01.07.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**Основен суд Битола**
**Средства од судски буџет**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 57,841 | 56,732 |
| **Вкупно приходи** | **57,841** | **56,732** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 51,077 | 47,416 |
| Резерви и недефинирани расходи | 134 | 73 |
| Стоки и услуги | 6,552 | 9,118 |
| Субвенции и трансфери | 78 | 125 |
| **Вкупно тековни расходи** | **57,841** | **56,732** |
| **Вкупно расходи** | **57,841** | **56,732** |

**Основен суд Битола**
**Средства од судски буџет**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 5,904 | 5,395 |
| **Вкупно тековни средства** | **5,904** | **5,395** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 12,387 | 15,137 |
| **Вкупно постојани средства** | **12,387** | **15,137** |
| **Вкупна актива** | **18,291** | **20,532** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 2,204 | 1,425 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 3,700 | 3,970 |
| **Вкупно тековни обврски** | **5,904** | **5,395** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 12,387 | 15,137 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **12,387** | **15,137** |
| **Вкупна пасива** | **18,291** | **20,532** |

**Основен суд Битола**
**Средства од судски буџет**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **15,137** | **15,137** |
| **Зголемување по основ на:** | **3,337** | **3,337** |
| Преотстапени постојани средства по Решение | 3,317 | **3,317** |
| Корекции од ревизијата | 20 | **20** |
| **Намалување по основ на:** | **6,087** | **6,087**<br>- |
| Амортизација | 2,229 | 2,229 |
| Корекции од субјектот за погрешно книжење | 3,858 | 3,858 |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **12,387** | **12,387** |